ЦЕНТАР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОДРЖЛИВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИКИ И РУРАЛЕН РАЗВОЈ
(ЦеПроСАРД)

ул. 1550 бр.8а , Визбегово, Скопје
тел/факс: +389 (2) 3061 391
e-mail: info@ceprosard.org.mk

Годишна акциона програма за Република Северна Македонија
за 2017 година - Цел 2 Поддршка на Социјалните претпријатија



# Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот -

# Не оставај никој зад себе

Проектот е финансиран од
Европската Унија

Проектот е
имплементиран од:
CeProSARD



Брошурата е подготвена во согласност со Европските упатства за лесно читање, за да биде достапна и лесна за читање и разбирање за лицата со интелектуална попреченост и сите луѓе

leave no one behind

**Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - „Не оставај никој зад себе“**

ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА Е ИЗГОТВЕНА СО ПОМОШ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Европската Унија
(скратено, ЕУ) е група од 27 земји.

Овие земји ги нарекуваме „земји-членки“.

Тие се здружија за да бидат посилни политички и економски.



Земјите-членки на Европската Унија го поддржаа Европскиот столб за социјални права.

Европскиот столб за социјални права е важен текст.

Во него се објаснува што сака да направи Европската Унија за да бидеме сигурни дека сите добиваме исти можности.

На пример:

- при добивањето образование;
- да не биде никој изоставен при изборот на работа доколку има попреченост;
- секој да има еднаков пристап до најдобрите услуги;
- никој да не биде изоставен кога е стар

Овие правила им помагаат на сите во Европа да бидат рамноправен дел од заедницата.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија.

За содржината на публикацијата единствено е одговорна ГО “Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој” - ЦеПроСАРД и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

- ГО е кратенка од граѓанска организација
- ГО се групи на луѓе кои работат заедно
- Овие групи не се поврзани со владата на ниту една држава

## ГЛОБАЛНА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ

**Глобалната цел на проектот е**
да ги подобри социјалните претпријатија и тоа:

1. Развој на нови социјални претпријатија;
2. Подобрување на постоечки социјални претпријатија;
3. Зајакнување на економска независност на социјалните претпријатија;
4. Зајакнување на знаењето на кадарот на социјалните претпријатија;
5. Да го следи принципот - „не оставај никој зад себе“

**Социјално претпријатие:**

- Обезбедува добра и услуги на иновативен начин
- Ја користи својата добивка за да:
    - да ја намали сиромаштијата;
    - да ѝ служи на заедницата;
    - да ја подобри здравствената заштита;
    - да придонесе за одржлив развој и промени во општеството;
    - да постигне развој на заедницата, како на пример почиста животна средина

Проектот ќе создаде нови работни места за ранливи групи на луѓе и лицата со попреченост.



## СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

**Специфична цел 1 - Да се поддржи основањето на нови и развојот на постојните социјални претпријатија**

Зошто?

- За да се обезбеди одржлив економски раст
- За да се подобри квалитетот на услугите и производите
- За да се постигнат општествени заеднички добра
- За да се зголеми конкурентноставо локалната економија и на пазарот.

**Специфичната цел 2 - Да се поддржи вработување на ранливите групи граѓани**

Зошто?

- За да се создадат нови и одржливи работни места
- За да се вработат лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени лица
- За сите да имаат еднаква можност

**Специфична цел 3 - Да се воспостави соработка помеѓу социјалните претпријатија / граѓанските организации, локалните бизниси и локалните општини**

Зошто?

- За да се стимулира зелениот економски раст
- За да се заштити животната средина
- За да се подобрат социјалните услуги
- За да се изгради инклузивно партнерство за одржливи социјални услуги
- За да се поттикне социјалното претприемништво
- За да се вмрежат сите заедно и да постигнат поголем развој

**Специфична цел 4 - Да се подигне јавната свест**

Зошто?

- За да ги дознаат луѓето предностите од развојот на социјалните претпријатија
- За луѓето да не ги заборавaат лицата со попреченост, жените во ризик и долгорочно невработените лица
- За луѓето секогаш да ги вклучуваатлицата со попреченост, жените во ризик и долгорочно невработените лица во заедницата

Како ќе го направиме тоа?

- Преку кампања за подигање на јавната свест
- Преку промоција на социјалните медиуми и
- Преку пренесување на проектните активности и резултати

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

<u>Целни групи и крајни корисници во овој проект се</u>:

**Социјалните претпријатија и граѓанските организации кои работат на полето на социјалното претприемништво**

Затоа што:

- Вработуваат лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени лица;
- Произведуваат локални производи;
- Обезбедуваат социјални услуги;
- Имаат за цел социјално влијание наместо максимизирање на профитот;
- Работат на подобрување на квалитетот на живеење, лекување, образование и рехабилитација на лицата со попреченост;
- Го подигаат нивото на услугите и јавната свест за можностите и потребите на социјалното претприемништво и вработување на ранливите групи граѓани

Ранливи групи на граѓани се лица со попреченост, жените во ризик и долгорочно невработените лица.

**Локалните општини**

Затоа што:

- Обезбедуваат програми и активности за социјална заштита;
- Обезбедуваат вработување на лица со попреченост, жени во ризик и долгорочно невработени лица;
- Ги вклучуваат ранливите групи во заедницата

**Локалните бизниси**

Затоа што:

- Се важни за вработување на ранливите групи граѓани и развој на локални производи и услуги;
- Тие се клучен носител на пазарната економија;
- На деловно ниво, концептот на социјално претприемништво не е добро познат;
- Културата на развивање мултисекторски партнерства отсуствува

Практиката на соработка помеѓу социјалните претпријатија и локалните бизниси е ограничена, а во најголем број случаи кога постои, таа е поради волјата на поединци и не е формализирана.

Други крајни корисници се:

**Семејствата на лицата од ранливите групи**

Затоа што:

- Ќе имаат корист од вработувањето на членовите на нивните семејства;
- Ќе им се зголеми благосостојбата и социјалната заштита

**Националните владини институции кои работат во социјалниот сектор и тоа:**

**Министерството за труд и социјална политика**

Затоа што:

- Ќе може да обезбеди следење на состојбите и пренесување на најдобрите практики
- Ќе може да ги креира политиките според потребите на социјалните претпријатија
- Ќе работи за да им помогне на маргинализирани групи на граѓани



## АКТИВНОСТИ

Имплементацијата на проектот е организирана во четири работни пакети.

**Работен пакет број 1 -** „Поддршка на социјални претпријатија и вработувања“ се состои од следните активности:

А1.1. „Организирање тркалезна маса помеѓу релевантни чинители во секторот“,

А1.2. „Проценка на потребите и капацитетите на социјалните претпријатија во развојот на деловни идеи и иницијативи“,

А1.3. „Поддршка за воспоставување нови и подобрување на оперативните капацитети на постојните социјални претпријатија / социјални граѓански организации“

А1.4. „Програма за обука прилагодена за менторство за подобрување на капацитетите на социјалните претпријатија врз основа на резултатите од направената проценка“

**Работен пакет број 2** - „Поддршка за вработување на ранливи групи“ се состои од следната активност:

А2. „Поддршка за создавање нови одржливи вработувања на ранливите лица во социјални претпријатија“.





**Работен пакет број 3** - „Соработка помеѓу социјални претпријатија, граѓански организации, локални бизниси и локални општини“

А3.1. Состаноци за зголемување на соработката помеѓу социјални претпријатија, граѓански организации, локални бизниси и локални општини

А3.2. Потпишување договори за соработка во областа на раст на зелената економија, заштита на животната средина и подобрување на социјалните услуги и

А3.3. Воспоставување на онлајн мрежа за заедничка соработка помеѓу сите засегнати страни.

**Работен пакет број 4** - „Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати“

А4.1. Изработка на промотивни материјали

А4.2. Изработка на пристапна веб-страница на проектот и изработка на инфографици,

А4.3. Кампања за подигнување на јавната свест за социјално претприемништво и вработување на ранливи категории на граѓани и

А4.3. Организирање на промотивни настани (Информативен и завршен настан) или промотивно видео.

Најмалку 10.000 луѓе ќе ја проследатонлајн кампањата за подигнувањена јавната свест за потребата и важноста заработата на социјалните претпријатија и вклучувањето на ранливите групи во заедницата.



## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Очекувани резултати од работен пакет број 1 - „Поддршка на социјални претпријатија и вработувања“ се:**

- Организирана 1 тркалезна маса
  - Најмалку 20 учесници на тркалезната маса
  - Половина од учесниците се мажи, а половина жени
  - Дистрибуирани заклучоци од тркалезната маса до учесниците

- Подготвена 1 проценка на потребите и капацитетите на социјалните претпријатија и социјалните граѓански организации преку:
  - Изработен и дистрибуиран прашалник до социјалните претпријатија и социјалните граѓански организации
  - Изготвена евалуација на прашалникот за потребите и постоечката состојба на

- Подготвен и објавен 1 отворен повик за финансиска поддршка на социјални претпријатија / социјални граѓански организации
  - Организирана една инфо сесија за аплицирање на повикот
  - Најмалку 6 поддржани организации со отворениот повик

-



- Изработени најмалку 3 наменски менторски програми за обука
  - Најмалку 30 учесници обучени преку менторска обука согласно нивните потреби
  - Најмалку 6 различни организации вклучени во менторската обука
  - Половина од учесниците се мажи, а половина жени

Со постигнување на овие резултати социјалните претпријатија преку финансиска поддршка и пренос на знаење ќе го подобрат квалитетот на услугите и производите кои ги нудат и ќе обезбедат одржлив економски раст во својата работа.



**Очекувани резултати од работен пакет број 2 - „Поддршка за вработување на ранливи групи“ се:**

- Вработени најмалку 9 лица претставници од ранливите групи граѓани
    - Половина од вработените се мажи, а половина жени
    - Воспоставен принцип „Не оставај никој зад себе“

**Очекувани резултати од работен пакет број 3 - „Соработка помеѓу социјални претпријатија, граѓански организации, локални бизниси и локални општини“ се:**

- Потпишани 10 договори за услуги за воспоставување силно и одржливо партнерство и вмрежување помеѓу социјални претпријатија, социјални граѓански организации, локални бизниси и локални општини
    - 10 организирани состаноци
    - 10 договори за соработка потпишани
    - 1 воспоставена мрежа за заедничка соработка помеѓу сите засегнати страни во рамки на проектот

Соработката помеѓу социјалните претпријатија / граѓанските организации, локалните бизниси и локалните општини придонесува кон иницијативи за зелен економски раст, заштита на животната средина и подобрување на социјалните услуги.



**Очекувани резултати од работен пакет број 4- „Промоција и дисеминација на проектните активности и резултати“се:**

- 4 видови напромотивни материјали
- 200 подготвени и дистрибуирани пакетина логистички материјали
- 1 пристапна веб-страница на проектот
- 6 креирани инфографици
- 1 платена промотивнамаркетинг кампања
    - најмалку 50 објави на социјалните медиуми
    - 10.000 корисници на социјалните мрежи ќе се информираат со објавите
- 6 публикации објавени во Е-билтени
- 2 промотивни настани
    - 50 учесници на промотивни настани,
    - половина од учесниците се мажи, а половина жени

Целокупната јавност е свесна за предностите во развојот на социјалните претпријатија и важноста за вклучувањето на ранливите луѓе - лицата со посебни потреби, жените во ризик и долгорочно невработените лица во заедницата.





**ПРОЕКТОТ ГО СПРОВЕДУВА**

**Центарот за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој - ЦеПроСАРД**

**ЦеПроСАРД** е граѓанска организација основана во 2008 година со главен фокус на делување во заштитата на животната средина, социјалните аспекти и одржливиот развој. Нашиот тим на професионалци од областа на животната средина и социјалните аспркти, земјоделството, техничките науки и економијата ги поседува потребното знаење и искуство за спроведување на најсложените и комплицирани задачи во овие области.
Во изминатите четиринаесет години интензивно работевме на развој и имплементација на проекти на локално, национално и меѓународно ниво во тесна соработка со клучните чинители во земјата и странство.

**Времетраење на проектот:**

Од 01 декември 2021 - 31 мај 2023
Проектот се имплементира
18 месеци

**Наслов на оригиналот:**
Поддршка на социјалните претпријатија
следејќи го принципот - „Не оставај никој зад себе“

**Издава:**

Центар за промоција на одржливи земјоделски

практики и рурален развој (ЦеПроСАРД)

**Автор:**

Лилјана Ачковска

**Уредник:**

Александар Авросиевски

**Илустратор:**

Ина Димитровска

**Дизајн и графичка подготовка:**

Константин Димитровски

**Печати:**

ДИГИ ПРИНТ ДООЕЛ, увоз-извоз, Скопје

**Тираж:**

100 примероци

**Скопје, 2022**

**ISBN 978-608-4687-21-4**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
364-3:334.72(083.94)
АЧКОВСКА, Лилјана
Поддршка на социјалните претпријатија следејќи го принципот - Не оставај никој зад себе / [автор Лилјана Ачковска ; илустратор Ина Димитровска]. - Скопје : Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој, 2022. - 20 стр. : илустр. ; 21 см
ISBN 978-608-4687-21-4
а) Социјални претпријатија -- Поддршка -- Проекти
COBISS.MK-ID 56311813

